# Да ја ублажиме сиромаштијата со нови субвенции за житарки



**Неодамнешно истражување покажа дека зголемувањето на цените и на земјоделските субвенции даде позитивни ефекти за благосостојбата на руралните домаќинства водени од маж, кои произведуваат пченица и пченка. Најсиромашните 15% до 20% од овие домаќинства завршија со повисок приход од 30 до 60%. Сепак, позитивните ефекти во руралните домаќинства водени од жена се значајно ограничени. Кај производителите на ориз, наодите укажуваат дека ефектот од зголемувањето на цените и субвенциите е позитивен за домаќинства водени од маж и негативен за домаќинства водени од жена.**

**БРИФ ЗА ПОЛИТИКИТЕ**
**бр. 6**

**Овој документ за политики дава препораки до носителите на политиките да стават посебен акцент на сиромашните рурални домаќинства водени од жена, и за производство на пченица и за ориз, да ги зголемат субвенциите за производство на ориз, и да понудат државно земјиште на плодоуживање и почетни грантови за сиромашните урбани домаќинствата да можат отпочнат со производство.**

## Проблем

Пченката, пченицата и оризот се многу важни во Македонија: 24,5% од македонските домаќинства одгледуваат една или повеќе од овие култури, додека повеќе од 50% од руралните домаќинства трошат повеќе од 10% од буџетот на нив. Цените на овие житарки се зголемија од 2006 година: во октомври 2012 тие беа 46,5 проценти повисоки од просечното ниво во 2006. Сепак, нивното производството континуирано опаѓа од напуштањето на планскиот систем во 1990-тите и е, во просек, 60 отсто од производството во 1991 година. Зголемувањето на цените не беше доволно да се зголеми производството.

Меѓу другите владини програми во време на вакви зголемувања на цените се земјоделските субвенции (Водон и Заман, 2010). Македонската влада која дојде на крајот на 2006 година презеде амбициозна агенда за субвенционирање на земјоделството со средства од буџетот до 4,5 отсто од вкупните владини трошоци во 2011 година, од виртуелна нула во 2006. Се чини сеопфатна цел на програмата е да се зголеми производството и да се подобрат условите за живот преку таргетирање на оние кои претежно живеат или привремено мигрираат во руралните области. Програмата е дизајнирана така што производството се субвенционира со субјективно определени суми, со цел да се поддржат тековните производители и да се поттикнат поранешните производители да се вратат на производство.

Се наметнуваат две прашања. Прво, кои се можните ефекти од промените во цените на житарките за благосостојбата на населението во Македонија? Второ, кои се можните ефекти од владините субвенции и дали друга шема на субвенции може да ја зголеми благосостојбата на домаќинствата?

**Методологија**

Користиме т.н. непараметарски техники за оценка на ефектите од промените во цените и од тековната шема на субвенции врз производството, потрошувачката и доходот во периодот 2006-2012. Идентификуваме групи на домаќинства според пол и урбани/рурални за да согледаме кој дел од распределбата на доходот и за која конкретна култура земјоделските субвенции би имале најголем ефект. Врз основа на наодите, ќе предложиме нова шема за субвенции, односно ќе ги насочиме средства кон одредени групи на домаќинства наместо тие да бидат линеарно распределени. Потоа, ќе ја оцениме благосостојбата после примена на алтернативната шема за субвенции.

**Резултати од нова шема на субвенции**

Новата предложена шема на субвенции е претставена во табелата долу. Овие ефекти се подготвени под претпоставката дека владата не сака да го промени вкупниот износ определен за субвенционирање пченица и пченка, додека оној за производство на ориз се претпоставува да се зголеми двојно.

Резултатите покажуваат дека новата шема произведува значителен позитивен ефект за урбаните домаќинства, бидејќи тие се сиромашни па дури и мала интервенција од владата ќе го претвори ефектот врз благосостојбата од значително негативен во значително позитивен.  И покрај тоа што ќе бидат потребни големи напори за урбано домаќинство да одлучи за земјоделско производство, резултатите укажуваат дека ефектите може да бидат значителни и несомнено ќе ги спасат овие домаќинства од запаѓање во сиромаштија. Од друга страна, руралните домаќинства водени од жена исто така може да искусат големи користи, само ако се одлучат за поголемо производство. Ако ова е случај, најсиромашните рурални домаќинства водени од жени може да постигнат позитивен ефект од околу две третини од нивните машки колеги.

Резултатите од новата шема за субвенции за ориз за руралните домаќинства укажуваат дека ефектите од добро насочена програма може да бидат значителни, претпоставувајќи дека значително поголемата субвенција по хектар ќе предизвика зголемување на производството од страна на сиромашните домаќинства. За сиромашните рурални домаќинства водени од жена, севкупната благосостојба од малку негативна се претвора во значително позитивна и со значителен удел во вкупниот приход.

**Препораки**

Препораката за владата е да стави посебен акцент на сиромашните рурални домаќинства водени од жена и за пченица и за ориз, да ги зголеми субвенциите за производство на ориз поради специфичноста и големите напори потребни за негово производство, и да понуди на плодоуживање државно земјиште и почетни грантови за сиромашните урбани домаќинства, за да ги мотивира да се зафатат со производство на пченица и пченка и да ги спаси од запаѓање во потенцијална сиромаштија.

**Новопредложена шема за субвенции**

| Пченица и пченка | Ориз |
|---|---|
| *Сите домаќинства*<br>• Намалување на субвенцијата на 110 евра по хектар | *Сите домаќинства*<br>• Зголемување на субвенцијата на 250 евра по хектар |
| *Рурални домаќинства водени од жена со приход по глава од помалку од 220 евра*<br>• Зголемување на субвенцијата на 185 евра по хектар | *Рурални домаќинства водени од жена со приход по глава од помалку од 360 евра*<br>• Зголемување на субвенцијата на 375 евра по хектар |
| *Сите урбани домаќинства со приход по глава од помалку од 360 евра*<br>• Субвенција од 100 евра по хектар<br>• Државно земјиште до 1,15 ха на плодоуживање<br>• Почетен паушален износ за инвестиции во машини за земјоделско производство | *Рурални домаќинства водени од маж со приход по глава од помалку од 80 евра*<br>• Зголемување на субвенцијата на 375 евра по хектар |

Finance Think е непрофитна асоцијација за економско истражување, застапување и донесување економски политики.

**Нашата Визија**

Да поттикнеме економско размислување за подобра благосостојба утре.

**Нашата Мисија**

Да ја намалиме сиромаштијата, да ги зајакнеме макро-финансиските политики и да ја унапредиме финансиската стабилност преку економски истражувања, советување и препораки за економските политики и поттикнување критичка дебата за економските процеси.

Ул. Железничка 50/3, 1000 Скопје

+389 2 6147 630
www.financethink.mk
info@financethink.mk